ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСТВО НА СОБРАНИЕ

Акционерите кои сакаат да земат учество на собранието треба да се пријават најдоцна пред почетокот на седницата на собранието. Пријавувањето се врши писмено, со доставување во архивата на друштвото или по пошта. Пријавата доставена по пошта мора да пристигне во друштвото најдоцна пред почетокот на седницата на собранието и да биде потпишана од акционерот.

ВКЛУЧУВАЊЕ НА НОВИ ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД И ПРЕДЛАГАЊЕ НА ОДЛУКИ

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат одлуки по секоја од точките на дневниот ред и можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка. Барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки се испраќа до Управниот одбор на друштвото по пошта или се предава непосредно во архивата на друштвото, во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик. Во барањето треба да се наведе име и презиме на предлагачите и број на нивната сметка на која се водат акциите во ЦДХВ. Барањето треба да биде потпишано од сите предлагачи.

ПРАВО НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАШАЊА

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Прашањата се испраќаат до Управниот одбор на друштвото, по пошта или се предаваат непосредно во архивата на друштвото. Одговорите ќе бидат достапни на интернет страницата на друштвото www.ading.com.mk

ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПОЛНОМОШНИЦИ

Акционерот може со писмено полномошно да овласти лице кое ќе го застапува на собранието. Акционерот треба веднаш писмено да го извести друштвото за секое дадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното. Доставувањето на известувањето се врши лично во архивата на друштвото. Акционерите кои сакаат електронски да се пријавуваат за учество на собранието и да овластуваат свои полномошници за гласање на седницата на собранието, треба писмено да го известат друштвото за нивната лична е-маил адреса. Доставувањето на известувањето се врши лично во архивата на друштвото, освен ако на друштвото адресата веќе му е позната.

Правните лица кои во Трговскиот регистар имаат регистрирано официјална е-маил адреса нема потреба да доставуваат известување. Акционерите кои имаат доставено до друштвото нивна лична е-маил адреса, пријавувањето за учество на собранието и известувањето за овластување на полномошник можат да го направат електронски ако го испратат од нивната е-маил адреса на официјалната адреса на друштвото ading@ading.com.mk. Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање. За полномошници на Собранието, можат да бидат назначени и лица кај кои постои конфликт на интерес согласно Законот за трговските друштва, под услов ако полномошниците:

-Претходно им обелоделиле на акционерите со доставување на писмена информација до Управниот одбор или Надзорниот одбор на Друштвото дека кај нив има конфликт на интерес и

- Добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена точка за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието.

Се гласа со ,,ЗА,, ,,ПРОТИВ,, ,,ВОЗДРЖАН,,

Друштвото на својата интернет страница ќе го објави идентитетот на назначените полномошници кај кои постои конфликт на интерес. Обрасците за пријавување на учество на собрание и за полномошно од акционер можете во писмена форма да ги добиете во архивата на друштвото секој работен ден до 15 h.